РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIU
АГЕНЦИЈА ЗА ПРИМЕНА НА ЈАЗИКОТ ШТО ГО ЗБОРУВААТ НАЈМАЛКУ 20% ОД ГРАѓАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR ZBATIMIN E GJUHËS QË E FLASIN SË PAKU 20% E QYTETARËVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 04-819/1
30.12 2024 год./viti

Врз основа на член 49 став (2) и член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00,44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), в.д. директорот на Агенцијата за примена на јазикот, донесе:

Në pajtim me nenin 49, paragrafi (2) dhe nenin 55, paragrafi (2) të Ligjit të Organizimit dhe të Funksionimit të Organeve të Administratës Shtetërore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 96/19, 110/19 dhe 121/24), u.d. drejtori i Agjencisë së Zbatimit të Gjuhës së RMV-së, miratoi:

ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО АГЕНИЈАТА ЗА ПРИМА НА ЈАЗИКОТ

KODEKSIN ETIK PËR TË PUNËSUARIT NË AGJENCINË E ZBATIMI TË GJUHËS

I. Општи одредби

Dispozitat e përgjithshme

Предмет
Член 1

Со овој Кодекс се уредуваат основните етички начела, правила и стандарди на однесување на вработените во Агенцијата за примена на јазикот.

Lënda
Neni 1

Me këtë Kodeks përcaktohen parimet etike fillestare, rregullat dhe standartet e sjelljes për të punësuarit në Agjencin e Zbatimit të Gjuhës.

Цел
Член2

(1) Целта на овој кодекс е зачувување и афирмирање на достоинството и угледот на вработените во Агенцијата за примена на јазикот на РСМ (во натамошниот текст: Агенција).

(2) Овој кодекс има за цел поттикнување на правилно постапување и однесување на вработените во Агенција, исто така и унапредување на достоинството на угледот на вработените.

Qëllimi
Neni 2

(1) Ky Kodeks ka për qëllim ta ruajë dhe ta promovojë dinjitetin dhe reputacionin e të punësuarve në Agjencinë për Zbatimin e Gjuhës të RMV-së (në vijim: Agjencia).

(2) Kodeksi synon gjithashtu të nxisë sjellje dhe veprime të përshtatshme nga ana e të punësuarve në Agjenci, si dhe të avancojë dinjitetin dhe reputacionin e tyre.

Примена
Член 3

Етички стандарди и правила на однесување на вработените во АПЈ во односи со колегите, со претпоставените и со јавноста.

Zbatimi
Neni 3

Standardet etike dhe rregullat e sjelljes së të punësuarve në Agjencinë e Zbatimit të Gjuhës së RMV-së, rregullojnë marrëdhëniet e tyre me kolegët, me udhëheqësit dhe me publikun.

II. Етичките стандарди и правила на однесување

Член 4

Однесувањето на вработените во АПЈ треба да се темели врз принципите на законитост, личен интегритет, почитување на демократски вредности, социјални права и недискриминација, транспарентно и одговорно постапување со информации, професионалност, стручност е ефикасност, економично е ефикасно користење на ресурсите, политичка неутралност, добро однесување со колегите и со претпоставените и пристојно облекување.

Законитост
Член 5

(1) Вработените во АПЈ во своето работење ги почитуваат и доследно го применуваат Уставот на Република Северна Македонија, законите, другите прописи донесени врз основа на закон, меѓународните ратификувани договори и правилници на акти на АПЈ.
(2) Вработените во Агенцијата за примена на јазикот не подлегнуваат на притисоци за извршување на противуставни и незаконски работни задачи од претпоставениот или друго лице, ниту пак подлегнуваат на притисоци и закани за да сторат или не сторат, односно пропуштат нешто и на тој начин да доведат до појава на корупција, непотизам, состојба на судир на интереси или други незаконито или недозволиво постапување со кое се загрозува или повредува јавниот интерес.

Професионалност
Член 6

(1) Вработените во АПЈ ги извршуваат работните задачи посветено и

II. Standardet etike dhe rregullat e sjelljes

Neni 4

Sjellja e të punësuarve në Agjencinë e Zbatimit të Gjuhës së RMV-së, duhet të bazohet në parimet e ligjshmërisë, integritetit personal, respektimit të vlerave demokratike, të drejtave sociale dhe mosdiskriminimit, veprimeve transparente dhe të përgjegjshme me informacionet, profesionalizmit, kompetencës dhe efikasitetit, përdorimit ekonomik dhe efektiv të burimeve, neutralitetit politik, marrëdhënieve të mira me kolegët dhe udhëheqësit, si dhe një veshjeje të përshtatshme dhe dinjitoze.

Ligjshmëria
Neni 5

(1) Të punësuarit në Agjencinë e Zbatimit të Gjuhës së RMV-së respektojnë dhe zbatojnë me përpikëri Kushtetutën e Republikës së Maqedonisë së Veriut, ligjet, aktet e tjera të miratuara në bazë të ligjeve, marrëveshjet ndërkombëtare të ratifikuara dhe rregulloret e Agjencisë.
(2) Të punësuarit në Agjenci nuk i nënshtrohen presioneve për të kryer detyra pune që janë kundërkushtetuese ose të paligjshme, qoftë nga udhëheqësit apo persona të tjerë. Gjithashtu, ata nuk i nënshtrohen kërcënimeve apo presioneve për të ndërmarrë apo mos ndërmarrë veprime që mund të çojnë në korrupsion, nepotizëm, konflikt interesi, ose ndonjë sjellje tjetër të paligjshme apo të papranueshme që cenon ose dëmton interesin publik.

Profesionalizmi
Neni 6

(1) Të punësuarit në Agjencinë e Zbatimit të Gjuhës së RMV-së, i kryejnë detyrat e tyre të

Адреса: ул „Филип Втори Македонски" бр. 11, 3-ти кат – Скопје
Adresa: rr. "Filipi i Dytë i Maqedonisë" nr. 11, kati i 3-të - Shkup
E-mail: info@apj.gov.mk

професионално, врз основа на своите работни компетенции и согласно правилата и процедурите на Агенцијата.

(2) Вработените во АПЈ ги извршуваат работните задачи самостојно и навремено, почитувајќи го работното време и посветувајќи внимание на приоритетите и редоследот на задачи.
(3) Вработените во АПЈ се однесуваат одговорно и со своето работење, односно вршење на работите и работните задачи кои им се утврдени со Правилникот за систематизација на работните места, се стремат кон градење и одржување на општото добро, растот на општествените вредности, создавајќи услови за одржлив човечки и социјален развој.
(4) Вработените во АПЈ работат на своето усовршување и зајакнување на работните компетенции, при учество на работните состаноци, обуки и други видови на стручно оспособување и усовршување, Вработените во АПЈ имаат обврска достојно да го претставуваат АПЈ и да го користат наученото за подобрување на својата работа и развојот на АПЈ и да придонесуваат во градењето и одржувањето на институционалната меморија.

punës me përkushtim dhe profesionalizëm, duke u bazuar në kompetencat e tyre dhe në përputhje me rregullat dhe procedurat e Agjencisë.
(2) Të punësuarit në Agjenci i kryejnë detyrat e tyre të punës në mënyrë të pavarur dhe në kohë, duke respektuar orarin e punës dhe duke u përqendruar në prioritetet dhe renditjen e detyrave.
(3) Të punësuarit në Agjenci sillen me përgjegjësi dhe nëpërmjet punës së tyre, respektivisht përmbushjes së detyrave të përcaktuara në Rregulloren për sistematizimin e vendeve të punës, synojnë ta ndërtojnë dhe ta ruajnë të mirën e përgjithshme, t'i promovojnë vlerat shoqërore dhe të krijojnë kushte për zhvillim të qëndrueshëm njerëzor dhe social.

(4) Të punësuarit në Agjenci angazhohen për përmirësimin dhe forcimin e kompetencave të tyre profesionale duke marrë pjesë në mbledhje pune, trajnime dhe forma të tjera të zhvillimit dhe përmirësimit profesional. Ata kanë detyrimin ta përfaqësojnë Agjencinë me dinjitet dhe t'i përdorin njohuritë e fituara për të përmirësuar punën e tyre, për të kontribuar në zhvillimin e Agjencisë dhe për të ndihmuar në ruajtjen e memories institucionale.

Непристрасност
Член 7

(1) Вработените во АПЈ во работењето и во однесувањето постапуваат без предрасуди и се воздржуваат од какви било дејствија кои овозможуваат или значат привилегирани третман по која било основа.

(2) Вработените во АПЈ во работењето и однесувањето не се раководат од лични, семејни, верски, партиски или етнички интереси, ниту од притисоци или ветувања од претпоставениот или друго лице.
(3) Вработените во АПЈ постапуваат професионално и непристрасно за време на извршување на службените задачи, со тоа

Paanshmëria
Neni 7

(1) Të punësuarit në Agjencinë e Zbatimit të Gjuhës së RMV-së, gjatë punës dhe sjelljes së tyre veprojnë pa paragjykime dhe përmbahen nga çdo veprim që mund të nënkuptojë ose mundësojë trajtim të privilegjuar mbi çfarëdo baze.
(2) Të punësuarit në Agjenci gjatë punës dhe sjelljes nuk udhëhiqen nga interesa personale, familjare, fetare, partiake apo etnike, as nuk i nënshtrohen presioneve ose premtimeve nga udhëheqësit apo persona të tjerë.
(3) Të punësuarit në Agjenci veprojnë profesionalisht dhe paanshmërisht gjatë kryerjes së detyrave zyrtare, duke marrë

Адреса: ул „Филип Втори Македонски" бр. 11, 3-ти кат – Скопје
Adresa: rr. "Filipi i Dytë i Maqedonisë" nr. 11, kati i 3-të - Shkup
E-mail: info@apj.gov.mk

што одлучуваат врз основа на утврдени факти, обезбедувајќи еднаквост на страните и на начин кој обезбедува јавноста да има доверба во непристрасност и објективност при донесување на одлуките.

vendime të bazuara në fakte të konstatuara, duke siguruar barazi për palët dhe duke vepruar në mënyrë që publiku të ketë besim në paanshmërinë dhe objektivitetin e tyre gjatë marrjes së vendimeve.

Недискриминација
Член 8

Вработените во АПЈ во работењето и однесувањето овозможуваат остварување на уставно загарантираните права на еднаквост и недискриминација, преку создавање на можности и почитување на различностите, како и заштита од неправда, злоупотреба и дискриминација по било кој основ.

Jodiskriminimi
Neni 8

Punonjësit në AZGj, në veprimtarinë dhe sjelljen e tyre, sigurojnë realizimin e të drejtave të garantuara me kushtetutë për barazi dhe jodiskriminim, duke krijuar mundësi dhe respektuar diversitetet, si dhe duke mbrojtur nga padrejtësitë, abuzimet dhe diskriminimi mbi çfarëdo baze.

Политичка неутралност
Член 9

(1) Вработените во АПЈ ги извршуваат службените работи политички неутрално.
(2) Вработените во АПЈ во вршењето на службените задачи не ги застапуваат и изразуваат своите политички уверувања и не вршат политичко партиски активности.
(3) Вработените во АПЈ не ги истакнуваат, ниту наметнуваат на други своите политички определби.

Neutraliteti politik
Neni 9

(1) Punonjësit në AZGj i kryejnë detyrat zyrtare me neutralitet politik.
(2) Punonjësit në AZGj, gjatë kryerjes së detyrave zyrtare, nuk përfaqësojnë dhe nuk shprehin bindjet e tyre politike dhe nuk zhvillojnë aktivitete politike partiake.
(3) Punonjësit në AZGj nuk i theksojnë dhe as nuk i imponojnë te të tjerët bindjet e tyre politike.

Професионален интегритет
Член 10

Вработените во АПЈ го чуваат личниот углед и угледот на АПЈ, ги елиминираат ризиците и ги остануваат сомневањата во можноста за настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба кај граѓаните во работата на АПЈ.

Integriteti profesional
Neni 10

Punonjësit në AZGj e ruajnë reputacionin personal dhe reputacionin e AZGj-së, i eliminojnë rreziqet dhe i largojnë dyshimet për mundësinë e shfaqjes dhe zhvillimit të korrupsionit, duke siguruar kështu besimin e qytetarëve në punën e AZGj-së.

Спречување корупција
Член 11

(1) Вработените во АПЈ во работењето и однесувањето постапуваат без намера за

Parandalimi i korrupsionit
Neni 11

(1) Punonjësit në AZGj, në veprimtarinë dhe sjelljen e tyre, veprojnë pa qëllim përfitimi

Адреса: ул „Филип Втори Македонски" бр. 11, 3-ти кат – Скопје
Adresa: rr. "Filipi i Dytë i Maqedonisë" nr. 11, kati i 3-të - Shkup
E-mail: info@apj.gov.mk

остварување на лична корист или намера за извршување на коруптивни дејствија.
(2) Вработените во АПЈ не толерираат корупција и согласно закон ги пријавуваат настаните давање понуда или ветување за поткуп, награда, подарок или друга корист или противзаконито влијание.
(3) Вработените во АПЈ при вршењето на работните задачи внимаваат на кој било вид на внатрешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во АПЈ.

Спречување судир на интереси
Член 12

(1) Вработените во Агенцијата при вршење на своите работи внимаваат да не се стават во состојба на интереси и преземаат мерки за негово одбегнување.
(2) Вработените во Агенција не учествуваат во процесите на одлучувањето и донесувањето на одлуките во кои тие или член на нивното семејство, други роднини, пријатели, соработници или други лица кои би можеле да се поврзат со нив имаат финансиски интерес.
(3) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, вработените во Агенцијата ги преземат сите неопходни мерки за да го спречат влијанието на нивниот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на нивните работни задачи и должности и за тоа го известуваат согласно закон.

Подароци и други погодности
Член 13

(1) Вработените во АПЈ не бараат и не прифаќаат материјални подароци и какви било други материјални погодности што може спротивно да влијаат врз делувањето во согласност со закон и одредбите од овој кодекс.
(2) Вработените во АПЈ ги почитуваат забраните и ограничувањата за примање

personal apo qëllim për kryerjen e veprimeve korruptive.
(2) Punonjësit në AZGj nuk e tolerojnë korrupsion dhe, në përputhje me ligjin, raportojnë rastet e ofertave ose premtimeve për ryshfet, shpërblim, dhuratë ose përfitim tjetër apo ndikim të paligjshëm.
(3) Punonjësit në AZGj, gjatë kryerjes së detyrave të tyre, tregojnë kujdes ndaj çdo lloj dobësie të brendshme apo procedure, që mund të krijojë mundësi për shfaqjen e korrupsionit në AZGj.

Parandalimi i konfliktit të interesave
Neni 12

(1) Punonjësit në Agjenci, gjatë kryerjes së detyrave të tyre, tregojnë kujdes që të mos vendosen në situata konflikti interesash dhe marrin masa për t'i shmangur ato.
(2) Punonjësit në Agjenci nuk marrin pjesë në proceset e vendimmarrjes ku ata, anëtarë të familjes së tyre, të afërm, miq, bashkëpunëtorë ose persona të tjerë të lidhur me ta mund të kenë interes financiar.

(3) Në rast dyshimi për ekzistencën e një konflikti interesash, punonjësit në Agjenci marrin të gjitha masat e nevojshme për të parandaluar ndikimin e interesit të tyre privat ose të interesit privat të një personi tjetër në përmbushjen e detyrave dhe përgjegjësive të tyre, duke njoftuar për këtë në përputhje me ligjin.

Dhuratat dhe përfitimet e tjera
Neni 13

(1) Punonjësit në AZGj nuk kërkojnë dhe nuk pranojnë dhurata materiale apo përfitime të tjera, që mund të ndikojnë në mënyrë të papërshtatshme mbi veprimtarinë e tyre, në përputhje me ligjin dhe dispozitat e këtij kodi.

(2) Punonjësit në AZGj respektojnë ndalimet dhe kufizimet për pranimin e dhuratave dhe

Адреса: ул „Филип Втори Македонски" бр. 11, 3-ти кат – Скопје
Adresa: rr. "Filipi i Dytë i Maqedonisë" nr. 11, kati i 3-të - Shkup
E-mail: info@apj.gov.mk

подароци и други погодности и ги почитуваат пропишаните правила за пријавување и евиденција на примените подароци и други погодности.

Користење на ресурси
Член 14

(1) Вработените во АПЈ кон ресурсите што им се дадени на користење, како и во вршењето на работата, се однесуваат економично и ефикасно, користејќи ги исклучиво за службени потреби.
(2) Вработените во АПЈ спречуваат незаконито располагање со ресурсите, се грижат за преземање на соодветните мерки за осигурување на безбедноста на доверените работни материјали, како и за остранување на можностите за предизвикување на материјална штета.

Злоупотреба на статусот и информациите
Член 15

(1) Вработените во АПЈ при вршење на приватни работи не ги користат предностите кои произлегуваат од статусот на административен службеник заради остварување на лична корист.
(2) Вработените во АПЈ не ги злоупотребува информациите до кои дошле при вршење на работата со цел напредувањето, заслуга или остварување на друг личен интерес.
(3) Вработените во АПЈ не нудат ниту обезбедуваат какви било предности кои по кој било основ би биле поврзани со статусот на административниот службеник или предност или друга корист што може да се подведе под корупција.

Постапување со информации, предмети и документи
Член 16

(1) Вработените во АПЈ ги третираат информациите до кои доаѓаат во своето работење почитувајќи ги системот за

përfitimeve të tjera, duke ndjekur rregullat e përcaktuara për raportimin dhe regjistrimin e dhuratave dhe përfitimeve të marra.

Përdorimi i burimeve
Neni 14

(1) Punonjësit në AZGj i trajtojnë burimet e vëna në dispozicion për përdorim, si dhe punën e tyre, në mënyrë ekonomike dhe efikase, duke i përdorur ato ekskluzivisht për nevoja zyrtare.

(2) Punonjësit në AZGj parandalojnë përdorimin e paligjshëm të burimeve, kujdesen për marrjen e masave të përshtatshme për sigurimin e materialeve të punës të besuara dhe eliminojnë mundësitë për shkaktimin e dëmeve materiale.

Keqpërdorimi i statusit dhe i informacioneve
Neni 15

(1) Punonjësit në AZGj nuk përdorin përparësitë që burojnë nga statusi i tyre si zyrtarë administrativë për përfitime personale gjatë kryerjes së çështjeve private.

(2) Punonjësit në AZGj nuk keqpërdorin informacionet e marra gjatë punës për përparim, shpërblim ose përfitim të interesit personal.

(3) Punonjësit në AZGj nuk ofrojnë ose sigurojnë përparësi të lidhura me statusin e tyre si zyrtarë administrativë ose përfitime që mund të klasifikohen si korrupsion.

Trajtimi i informacioneve, objekteve dhe dokumenteve
Neni 16

(1) Punonjësit në AZGj trajtojnë informacionet që marrin gjatë punës duke respektuar sistemin për menaxhimin e informacioneve të

Адреса: ул „Филип Втори Македонски" бр. 11, 3-ти кат – Скопје
Adresa: rr. "Filipi i Dytë i Maqedonisë" nr. 11, kati i 3-të - Shkup
E-mail: info@apj.gov.mk

стекнување на класифицирани информации, правото на приватност и заштита на лични податоци.
(2) Вработените во АПЈ се грижат за безбедноста на доверените предмети и документи.

klasifikuara, të drejtën e privatësisë dhe mbrojtjen e të dhënave personale.

(2) Punonjësit në AZGj kujdesen për sigurinë e objekteve dhe dokumenteve të besuara.

Личен интегритет
Член 17

(1) Вработените во АПЈ со личен пример ги промовираат вредностите вистинитост, чесност и правичност и ги поттикнуваат другите да постапуваат согласно овие вредности.
(2) Вработените во АПЈ со личен пример промовираат и поттикнуваат јакнење на личниот и институционалниот интегритет, особено заради спречување и борба против корупцијата.

Integriteti personal
Neni 17

(1) Punonjësit në AZGj, me shembullin e tyre personal, promovojnë vlerat e vërtetësisë, ndershmërisë dhe drejtësisë, duke inkurajuar të tjerët të veprojnë në përputhje me këto vlera.

(2) Punonjësit në AZGj, me shembullin e tyre personal, promovojnë dhe inkurajojnë forcimin e integritetit personal dhe institucional, veçanërisht për parandalimin dhe luftimin e korrupsionit.

Однесување на работното место, приватниот живот и јавноста
Член 18

(1) Вработените во АПЈ ја разбираат и восприемаат работата во АПЈ како одговорна угледна и почитувана професија.
(2) Без да се оневозможи отстранување на правото на градење на сопствен став и јавно изразување на мислење, вработените во АПЈ се воздржуваат од давање на штетни изјави за АПЈ.
(3) Вработените во АПЈ, во приватниот живот и во јавноста се однесуваат достоинствено и не постапуваат на начин со кој би се нарушил нивниот личен углед и угледот на Агенцијата.
(4) Во однесувањето и дејствувањето надвор од работата, во претставувањето на јавни настани, на социјалните мрежи или во каков било друг облик на комуникација, вработените во АПЈ преставуваат пример за соодветно и достоинствено однесување.
(5) Вработените во АПЈ водат кратки и концизни службени телефонски разговори, додека приватните телефонски разговори не

Sjellja në vendin e punës, jetën private dhe në publik
Neni 18

(1) Punonjësit në AZGj e konsiderojnë dhe e perceptojnë punën në AZGj si një profesion të përgjegjshëm, të respektuar dhe të nderuar.
(2) Pa penguar të drejtën për të ndërtuar qëndrimin e tyre dhe për të shprehur mendimin publik, punonjësit në AZGj shmangin dhënien e deklaratave që dëmtojnë AZGj-në.

(3) Punonjësit në AZGj, në jetën private dhe në publik, sillen me dinjitet dhe nuk veprojnë në mënyrë, që mund të dëmtojë reputacionin e tyre personal dhe të Agjencisë.

(4) Në sjelljen dhe veprimet jashtë punës, në përfaqësimin në ngjarje publike, rrjete sociale apo në çdo formë tjetër të komunikimit, punonjësit në AZGj paraqesin shembull të sjelljes së përshtatshme dhe dinjitoze.

(5) Punonjësit në AZGj zhvillojnë biseda telefonike zyrtare të shkurtra dhe të qarta, ndërsa bisedat private nuk i zhvillojnë në prani

Адреса: ул „Филип Втори Македонски" бр. 11, 3-ти кат – Скопје
Adresa: rr. "Filipi i Dytë i Maqedonisë" nr. 11, kati i 3-të - Shkup
E-mail: info@apj.gov.mk

ги водат во присуство на странки или кога странките чекаат одговор или кога имаат намера да постават прашање.
(6) Вработените во АПЈ во јавните настапи во кои ја преставуваат Агенцијата изнесуваат официјални ставови на Агенцијата во согласност со прописите и добиените овластувања и овој кодекс.

të palëve ose kur palët presin përgjigje apo kanë pyetje.

(6) Punonjësit në AZGj, gjatë paraqitjeve publike ku përfaqësojnë Agjencinë, paraqesin qëndrimet zyrtare të Agjencisë në përputhje me rregulloret, autorizimet e marra dhe këtë kod.

Однесување со колегите и претпоставените
Член 19

Вработените во Агенцијата во односот со колегите го негуваат духот и начелата на тимска работа, заемно почитување, почитување на различностите, солидарност и соработка.
Се почитува приватноста и дискрецијата на колегите и претпоставените.
Комуникацијата и соработката се одвива на начин кој не го повредува достоинството и личниот интегритет, туку придонесува за создавање на пријатна работна атмосфера, толерантност и транспарентност.

Sjellja me koleget dhe eprorët
Neni 19

Punonjësit në Agjenci e kultivojnë shpirtin dhe parimet e punës në ekip, respektin e ndërsjellë, respektimin e diversitetit, solidaritetin dhe bashkëpunimin në marrëdhëniet me kolegët.

Respektohet privatësia dhe diskrecioni i kolegëve dhe eprorëve.
Komunikimi dhe bashkëpunimi zhvillohen në një mënyrë që nuk cenon dinjitetin dhe integritetin personal, por kontribuon në krijimin e një atmosfere të këndshme pune, tolerance dhe transparence.

Пристојно облекување
Член 20

(1) Вработените во АПЈ посветуваат внимание на хигиената, изгледот и начинот на облекување, за да не предизвикуваат впечаток на непристојност и нарушување на угледот на АПЈ. Облеката на вработените треба да биде чиста, уредна, со соодветна службеност за работните задачи и работните процеси и уредна. Во АПЈ не се дозволува неприлагодена облека на службениот карактер на институцијата (куси панталони и здолништа, провокативна облека и аксесоари) и облека која содржи непристојни натписи.
(2) Службениот и пристоен начин на облекување ја изразува почитта на вработените кон Агенцијата.

Veshja e përshtatshme
Neni 20

(1) Punonjësit në AZGj i kushtojnë vëmendje higjienës, pamjes dhe mënyrës së veshjes, në mënyrë që të mos krijojnë përshtypje të papërshtatshme apo të cenojnë reputacionin e AZGj-së. Veshja e punonjësve duhet të jetë e pastër, e rregullt, e përshtatshme për detyrat dhe proceset e punës. Në AZGj nuk lejohet veshja që nuk i përshtatet natyrës zyrtare të institucionit (pantallona dhe funde të shkurtra, veshje dhe aksesorë provokativë) dhe veshje që përmban shkrime të pahijshme.

(2) Mënyra zyrtare dhe e përshtatshme e veshjes shpreh respektin e punonjësve ndaj Agjencisë.

Адреса: ул „Филип Втори Македонски" бр. 11, 3-ти кат – Скопје
Adresa: rr. "Filipi i Dytë i Maqedonisë" nr. 11, kati i 3-të - Shkup
E-mail: info@apj.gov.mk

Забрана за пушење во сите работни простории
Член 21

(1) Во сите работни простории на АПЈ мора да има видливо истакнат знак за забрането пушење.
(2) Се забранува пушење во сите работни простории и други затворени простории(кујна) согласно со одредбите на Законот за заштита од пушењето.
(3) Пушење е дозволено исклучиво надвор од деловниот објект на отворен простор.

Ndalimi i duhanit në të gjitha hapësirat e punës
Neni 21

(1) Në të gjitha hapësirat e punës së AZGj-së duhet të jetë i vendosur në mënyrë të dukshme një shenjë që ndalon pirjen e duhanit.
(2) Ndalimi i pirjes së duhanit zbatohet në të gjitha hapësirat e punës dhe të tjera të mbyllura (p.sh., kuzhina), në përputhje me dispozitat e Ligjit të Mbrojtjes nga Duhanpirja.
(3) Pirja e duhanit lejohet vetëm jashtë ndërtesës zyrtare, në hapësira të hapura.

III. Спроведување на Етичкиот кодекс

III. Zbatimi i Kodeksit etik

Изјава за прифаќање на Етичкиот кодекс
Член 22

Вработените во АПЈ потпишуваат изјава за прифаќање на овој кодекс, која е дадена во прилог и е составен дел на овој кодекс.

Deklarata për pranimin e Kodeksit etik
Neni 22

Punonjësit e AZGj-së nënshkruajnë deklaratë për pranimin e këtij Kodeksi, e cila është pjesë përbërëse e këtij kodeksi dhe përfshihet si shtojcë.

Повереник за етика
Член 23

(1) Директорот на АПЈ назначува повереник за етика во АПЈ.
(2) Повереникот за етика се назначува од редот на вработените и е лице кое поседува личен интегритет, углед во АПЈ со високи морални вредности.
(3) Податоците за повереник за етика се објавуваат на веб страната на АПЈ.

Komisioneri i etikës
Neni 23

(1) Drejtori i AZGj-së emëron një komisioner të etikës në AZGj.
(2) Komisioneri i etikës emërohet nga radhët e punonjësve dhe është një person që gëzon integritet personal, reputacion të lartë në AZGj dhe vlera të larta morale.
(3) Të dhënat për komisionerin e etikës publikohen në faqen zyrtare të internetit të AZGj-së.

Член 24

Обврски на повереникот за етика се:

- ја следи примената на овој кодекс;
- ги прима пријавите за неетичко однесување и постапување на вработените;

Neni 24

Detyrat e Komisionerit të etikës janë:

- ndjek zbatimin e këtij kodeksi;
- pranon raportimet për sjellje dhe veprime joetike të punonjësve;

Адреса: ул „Филип Втори Македонски" бр. 11, 3-ти кат – Скопје
Adresa: rr. "Filipi i Dytë i Maqedonisë" nr. 11, kati i 3-të - Shkup
E-mail: info@apj.gov.mk

- води евиденција за примените пријави;
- ја преиспитува основаноста на пријавата за неетичко однесување и ја презентира пред етичкиот комитет.

- mban një regjistër të raportimeve të pranuara;
- rishikon bazueshmërinë e raportimit për sjellje joetike dhe e paraqet atë përpara komitetit të etikës.

Поднесување на пријава за неетичко однесување
Член 25

(1) Вработените во АПЈ може да поднесат до повереникот пријава за неетичко однесување за кои сметаат дека е спротивно на одредбите на овој кодекс.
(2) Пријавата се поднесува за однесувањето на вработените во АПЈ кои не ги почитуваат одредбите од овој кодекс и истата се поднесува по писмен пат или на електорнската адреса на повереникот за етика.
(3) Податоците содржани во пријавата се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Dorëzimi i parashtresës për sjellje joetike

Neni 25

(1) Punonjësit e AZGj-së mund të dorëzojnë te Komisioneri i etikës një parashtresë për sjellje joetike, që ata konsiderojnë se është në kundërshtim me dispozitat e këtij kodeksi.
(2) Ankesa mund të dorëzohet për sjelljen e punonjësve të AZGj-së, që nuk respektojnë dispozitat e këtij kodi, mund të bëhet me shkrim ose në adresën elektronike të Komisionerit të etikës.

(3) Të dhënat e përfshira në ankesë, mbrohen në përputhje me rregulloret për mbrojtjen e të dhënave personale.

Постапување на поднесена пријава
Член 26

(1) По примената пријава, во рок од 30 дена од приемот на пријавата повереникот за етика е должен да поведе постапка за испитување на основаност на пријавата и да подготви предлог одговор на пријавата.
(2) Повереникот за етика е должен да ја разгледа и анонимната пријава.
(3) За секоја поднесена пријава, повереникот за етика подготвува известување до Етичкиот комитет и во прилог доставува: писмена изјава од вработениот за кој се однесува пријавата, изјава од другите вработени и останати соодветни докази за утврдување на основаноста на пријавата, како и предлог одговор на пријавата.

Veprimi ndaj ankesës së parashtruar
Neni 26

(1) Pas marrjes së parashtresës, brenda 30 ditësh nga marrja e saj, Komisioneri i etikës është i detyruar ta fillojë procedurën për shqyrtimin e bazueshmërisë së parashtresës dhe të përgatisë propozimpërgjigje.
(2) Komisioneri i etikës është i detyruar t'i shqyrtojë edhe parashtresat anonime.
(3) Për çdo parashtresë të dorëzuar, Komisioneri i etikës përgatit një raport për Komitetin e Etikës, duke përfshirë: një deklaratë me shkrim nga punonjësi për të cilin bëhet parashtresë, deklarata nga punonjës të tjerë, dhe prova të tjera të përshtatshme për të përcaktuar bazueshmërinë e parashtresës, si dhe një propozim përgjigje për parashtresën.

Адреса: ул „Филип Втори Македонски" бр. 11, 3-ти кат – Скопје
Adresa: rr. "Filipi i Dytë i Maqedonisë" nr. 11, kati i 3-të - Shkup
E-mail: info@apj.gov.mk

Непочитување
Член 27

(1) За непочитување на одредбите на овој кодекс, вработените одговараат дисциплински, согласно одредбите од Законот за административни службеници.
(2) Во врска со конкретниот случај на непочитување односно сомневање за непочитување на одредбите од овој кодекс од страна на вработените во Агенцијата се обезбедува консултативно мислење од Етичкиот комитет, и тоа:
- доколку се работи за дисциплински неуредност согласно закон, мислењето го обезбедува службеното лице кое е надлежно да изрече дисциплинска мерка, пред донесувањето на одлуката за изрекување на дисциплинската мерка;
- доколку се работи за дисциплински престап, мислењето го обезбедува службеното лице кое понесува предлог за покренување на дисциплинската постапка, пред поднесување на предлогот и истото го доставува до формираната дисциплинска комисија.
(3) Обезбедувањето на мислењето од ставот (2) на овој член не се смета за основ или причина за одолговлекување на постапката и не влијае на текот на постапката уредена со закон.

Mosrespektimi
Neni 27

(1) Për mosrespektimin e dispozitave të këtij Kodeksi, punonjësit mbajnë përgjegjësi disiplinore në përputhje me dispozitat e Ligjit të Nëpunësve Administrativë.
(2) Lidhur me rastet konkrete të mosrespektimit ose dyshimit për mosrespektim të dispozitave të këtij Kodeksi nga punonjësit e Agjencisë, sigurohet një mendim konsultativ nga Komiteti i Etikës, si më poshtë:

- nëse bëhet fjalë për parregullsi disiplinore në përputhje me ligjin, mendimi sigurohet nga personi përgjegjës për të vendosur masën disiplinore, përpara se të merret vendimi për shqiptimin e masës disiplinore.

- nëse bëhet fjalë për shkelje disiplinore, mendimi sigurohet nga personi përgjegjës për ta paraqitur propozimin për nisjen e procedurës disiplinore, përpara paraqitjes së propozimit dhe ai dorëzohet te komisioni i formuar disiplinor.

(3) Sigurimi i mendimit sipas paragrafit (2) të këtij neni nuk konsiderohet bazë ose arsye për vonesë në procedurë dhe nuk ndikon në rrjedhën e procedurës së rregulluar me ligj.

Заштита на повереникот за етика
Член 28

(1) Повереникот за етика не може да биде повикан на одговорност, ниту доведен во неповолна положба во однос на другите вработени, заради извршување на оваа должност.
(2) За време на постапката за испитување на основаноста на пријавата, доколку е потребно повереникот за етика може да биде ослободен од редовните работни обврски.

Mbrojtja e komisionerit të etikës
Neni 28

(1) Komisioneri i etikës nuk mund të mbahet përgjegjës dhe as të vihet në pozitë të palakmueshme në krahasim me punonjësit e tjerë, për shkak të kryerjes së detyrave të tij në këtë funksion.
(2) Gjatë procedurës për shqyrtimin e bazueshmërisë së një raportimi, nëse është e nevojshme, Komisioneri i etikës mund të lirohet nga detyrat e tij të zakonshme të punës.

Адреса: ул „Филип Втори Македонски" бр. 11, 3-ти кат – Скопје
Adresa: rr. "Filipi i Dytë i Maqedonisë" nr. 11, kati i 3-të - Shkup
E-mail: info@apj.gov.mk

Етички комитет
Член 29

(1) Етичкиот комитет е независно работно тело кое дава мислење за начинот на примена на одредбите од Етичкиот кодекс и постапува по доставените пријави од повереникот за етика.
(2) Етичкиот комитет е составен од координаторот и три члена, кои се од редот на раководните административни службеници.

Komiteti i Etikës
Neni 29

(1) Komiteti i Etikës është një organ i pavarur pune, që jep opinione mbi zbatimin e dispozitave të Kodit të Etikës dhe i shqyrton raportimet e paraqitura nga Komisioneri i etikës.

(2) Komiteti i Etikës përbëhet nga një koordinator dhe tre anëtarë, të cilët janë nga radhët e shërbimit administrativ drejtues.

Член 30

(1) Задачи на Етичкиот комитет се:

- да се составува најмалку еднаш во годината, како и за секое известување за поднесена пријава;
- да соработува со повереникот за етика и му дава насоки за работа;
- да ја разгледува поднесената пријава од повереникот за етика, заедно со приложените докази;
- да дава одговор на поднесената пријава;
- да ги следи меѓународните стандардите од областа на етичко однесување на вработените и да дава предлози за подобрување на етичките стандарди во согласност со меѓународната практика;

(2) Во зависност од видот и тежината на повредата, Етичкиот комитет може да поднесе иницијатива за поведување на дисциплинската постапка до непосредно претпоставениот раководител на вработениот кој ја извршил повредата.

(3) Координаторот на Етичкиот комитет ја потпишува целокупната документација која произлегува од работата на Комитетот.

Neni 30

(1) Detyrat e Komitetit të Etikës janë si më poshtë:

- të mblidhet të paktën një herë në vit dhe për çdo raportim të dorëzuar;
- të bashkëpunojë me Komisionerin e etikës dhe t'i ofrojë udhëzime për punën e tij;
- t'i shqyrtojë raportimin e paraqitur nga Komisioneri i etikës, së bashku me provat shoqëruese;
- të ofrojë përgjigje për raportimin e paraqitur;
- t'i ndjekë standardet ndërkombëtare për sjelljen etike të punonjësve dhe të propozojë përmirësime të standardeve etike në përputhje me praktikën ndërkombëtare.

(2) Në varësi të llojit dhe rëndësisë së shkeljes, Komiteti i Etikës, mund të propozojë nisjen e procedurës disiplinore te drejtuesi i menjëhershëm të punonjësit që ka kryer shkeljen.

(3) Koordinatori i Komitetit të Etikës e nënshkruan të gjithë dokumentacionin që rrjedh nga puna e Komitetit.

Адреса: ул „Филип Втори Македонски" бр. 11, 3-ти кат – Скопје
Adresa: rr. "Filipi i Dytë i Maqedonisë" nr. 11, kati i 3-të - Shkup
E-mail: info@apj.gov.mk

Влегување во сила
Член 31

Овој кодекс влегува во сила со денот на неговото донесување и истиот се објавува на веб страницата на Агенцијата.

Hyrja në fuqi
Neni 31

Ky Kodeks etike hyn në fuqi në ditën e miratimit të tij dhe publikohet në uebfaqen zyrtare të Agjencisë.

Подготвил/Përpiloi: N. K.
Одобрил/Miratoi: J. S.

в.д. Директор / u.d. Drejtori
Granit Osmani

Доставено до / Dorëzuar te:
- Сите вработени во АПЈ / Të gjithë punonjësit e AZGj-së
- Архива / Arkivi

Изјава за прифаќање на Етичкиот кодекс на Агенцијата за примена на јазикот на РСМ

Го прочитав, целосно го разбирам и го прифаќам Етичкиот кодекс на Агенцијата за примена на јазикот на РСМ.

Почитувањето на етичките стандарди и правила во работењето, како и во реализацијата на задачите и обврските на Агенцијата за примена на јазикот на РСМ, води кон остварување на мисијата на Агенцијата, што поттикнува создавање на одговорно општество и обезбедува најдобри услови за одржлив човечки, социјален и економски развој.

Скопје, __.__.20___ година

Deklaratë për pranimin e kodit etik të Agjencisë së Zbatimit të Gjuhës së RMV-së

E kam lexuar, e kuptoj plotësisht dhe e pranoj Kodin Etik të Agjencisë së Zbatimit të Gjuhës së RMV-së.

Respektimi i standardeve dhe rregullave etike në punë, si dhe në realizimin e detyrave dhe obligimeve të Agjencisë së Zbatimit të Gjuhës së RMV-së, çon në realizimin e misionit të Agjencisë, që nxit krijimin e një shoqërie të përgjegjshme dhe siguron kushtet më të mira për zhvillim të qëndrueshëm njerëzor, shoqëror dhe ekonomik.

Shkup, __.__.20___

_____ _____

Име и презиме
Emri dhe mbiemri

Потпис
Nënshkrimi